# DEN ELISON
# DEN ALLISON
# ДЕН ЕЛИСОН



Информативна служба на Американската амбасада

ДАН АЛИСОН

# ДОКУМЕНТИ ЗА НОВИОТ СВЕТ

(графика)

По повод учеството на манифестацијата "Отворено ателје на графика" во Белград

sebastian

Галерија "Себастијан", Белград
февруари 1990.

Народен музеј, Белград
февруари 1990.

Музеј на современата уметност, Скопје
март 1990.

Umjetnička galerija Bosne i Hercegovine

Уметничка галерија на Босна и Херцеговина, Сараево
март-април 1990.

ДАН АЛИСОН: ДОКУМЕНТИ ЗА НОВИОТ СВЕТ

Благодарејќи на извештаите што Хернан Кортес започнал да ѝ ги праќа на својата влада, во Шпанија, а потоа и во другите земји на Европа, во 1522 година, почнало да се добиваат сознанија за настаните во Новиот свет од кој само мал дел бил претставен на географските карти од тоа време. Овие документи требало да го информираат Шпанскиот двор за егзотичните предели и разновидните култури на локалното население, како и да дадат преглед на природните богатства што можеле да се користат. Тие документи обично опфаќале од извештаи за природните богатства до извештаи за судири и насилства. Многу од "документите" на Алисон, колографски отпечатоци, чија тема се обете Америки, се полни со тие нехармонични претприемчивости и раздор во еден прекрасен, комплексен амбиент. Тој, како и Кортес, се трудел да ги информира другите за една парадоксална средина.

Дејството на графиките на Дан Алисон најчесто претставува мајсторска мешаница на техничка виртуозност и активен симболично насликан израз. Главни теми во неговите дела се неодамнешните општествени и политички настани во западната хемисфера, додека поновите колографии со голем формат истовремено претставуваат еден процес и самоволно напуштање на неговите поранешни дела. "Издигање" ("Ascension", 1988, 2176 x 4173 мм) според технологијата претставува новина во постапката на печатењето на графиката на платно, а по содржината претставува вид на модерен израз, што се совпаѓа со пред-западниот контакт, и гледиште на надворешниот простор на физичката конфигурација на земјата. Крајниот резултат обилува со треперливи световни и религиозни симболи.

Спротивно на донекаде конфликтните ситуации што се опфатени со темите, Алисон ја исполнува сликата со занесни нишки на хумор и разиграност. Густо исполнетата површина на овие графики го изразува длабоко емоционалното реагирање на двосмисленоста и парадоксалната природа на животот. Се заедно, содејството на човековата слабост и човековите големи еластичности вдахнале едно позетивно гледиште во делата на уметникот.

Користејќи големи лесонитни плочи како подлога, Алисон прави слоеви од најразлични материјали, шмиргл хартија, метални отпадоци, ткаенини, за да добие обработена површина на плочата од која зема определен број отпечатоци. Добиените текстури во комбинација со целокупна контрола над боите придонесуваат за блескавоста на отпечатоците што восхитува.

Патрик Мекракен, кустос
(Patrick McCracken)

ИЗЈАВА НА УМЕТНИКОТ

Во моите најдобри остварувања, се трудам да го опишам светот на спротивностите. Со својата уметност го одредувам парадоксот на нашето постоење исто како е светлината и темнината, слабоста и силата, апстрактното и буквалното, реалното и апсурдното, во еден свет на иронија во кој злото е задолжително заради постоењето на доброто. За другите дела, меѓутоа, доволно е да уживам во нивното создавање а другите да уживаат во нив кога ги гледаат.

Во моментов гледам две главни влијанија врз моето творештво. Едното е духовно а другото интелектуално. Постои нешто примитивно, речиси наивно, духовно во мојата работа, што потекнува од верувањето и локалните обичаи во јужниот дел на Тексас и на Мексико: мешавина на јаки бои, огномет и мистериозен католицизам, што во секојдневниот живот се изразува како ритуал. Зошто, многу мексикански селани ја подариле својата судбина во рацете на Христос, кого го сликаат во портокалови и зелени тонови и го крунисуваат со неон и празноверие.

Во моето творештво има и испитување на реалноста со помош на логиката. Моите предци биле Германци и занаетчии: работите мора да се "вклопат" за да се чувствувам пријатно. Постои страст за осмислување на животот. Постои страст за детаљ и контрола над материјалите со кои работам. Истовремено постои и сентименталност со желба за ослободување од сите тие стеги.

Границата меѓу логиката на метафизичкиот атеизам и слепото верување во еден "насликан Христос" е многу танка, ако се земе предвид дека и двете гледишта сметаат дека постои ред во природата на нештата. Во еден случај, човек се потпира на сопственото доживување на стварноста, а во друг на верувањето дека некој друг знае и треба само да го следиме. Никој неможе комплетно да го види, ниту има бог кој доволно го осветлува. Мегутоа, трагањето по него, изгледа, е забавно.

Би сакал да го одредам опсегот на овој голем ред со природата на неговите крајности. Јас го гледам парадоксот на спротивностите во животот, не земајќи предвид колку иронично звучи тоа, тие мора да зависат една од друга за да можат воопшто да постојат. "Белото" е ништо сѐ додека "црното" не му се противстави, и дури тогаш "белото" одеднаш оживува, нештата започнуваат да се случуваат.

Ова не се работи со кои многу се занимавам додека работам. Свесен сум за мигот на иронијата и залудноста сѐ додека цивилизацијата оди напред. Мојата работа не ја коментира многу оваа состојба на нештата, туку со многукратноста на мојата слика се обидувам да стане жив дел на нашата култура. Дури и по цена на несериозност, би сакал да додадам дека го правам она што го правам бидејќи уживам во тоа.

Дан Алисон

## БИОГРАФИЈА

Дан Алисон е роден во 1953 година во Хјустон (Houston), држава Тексас (Texas)

Дипломирал на државниот универзитет Сем Хјустон во Хантсвил (Huntsville), Тексас.

Живее и работи во Хјустон.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ (избор)

1985.
Галерија "Kauffman", Хјустон, Тексас
"Stone Press Graphics", Сиетл, Вашингтон

1986.
Музеј "Harrison", Универзитет од Јута, Салт Лејк Сити, Јута.
Галеријата на Вилијам Камбел (William Campbell), Фортворт, Тексас
Галеријата на Илејн Хорвич (Elaine Horwitch), Скотсдејл, Аризона

1987.
Галерија "Chemers", Тастин, Калифорнија

1988.
Галеријата на Шварц Клеријак (Schwartz Cleriak), Лос Анџелес, Калифорнија
Галеријата на Ненси Тиг (Nancy Teague), Сиетл, Вашингтон
Галеријата "Holland/Wilhelmi", Корпус Кристи. Тексас
Галерија "McMurtry", Хјустон, Тексас

1989.
Галерија "Signature", Лос Гатос, Калифорнија
Уметнички центар, Амарило, Тексас
"Parko Gallery Ltd.", Токио, Јапонија
Музеј на модерна уметност, Љубљана, Југославија
Галерија "Air", Остин, Тексас

1990.
Галерија "Helicon", Торино, Италија
Галерија "Chemers", Тастин, Калифорнија
Музеј "Mexi Arte", Остин, Тексас
Галерија "Себастијан", Белград, Југославија
Народен музеј, Белград, Југославија
Музеј на современата уметност, Скопје, Југославија
Олимписки музеј, Сараево, Југославија

## ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ (Избор)

1985/86.
Откупна награда, Филаделфиски клуб на графичари, Филаделфија, Пенсилванија
Награда на универзитетот Сент Едвард, Остин, Тексас

1987.
Голема награда, XVII биенале на графика, Љубљана, Југославија

1989.
Турнеја во својство на американски предавач во организација на Информативната служба на САД.

## ДЕЛА ВО МУЗЕИ И КОЛЕКЦИИ (Избор)

Уметнички музеј на Индијанаполис, Индијанаполис, Индијана
Уметнички музеј, Катовице, Полска
Музеј на уметноста, Силеса, Полска
Музеј на модерна уметност, Љубљана, Југославија
Уметнички музеј "Elvehjem", Медисон, Висконсин
Музејот на Албукерк, Албукерк, Ново Мексико
Музеј на ликовна уметност, Санта Фе, Ново Мексико
Фортворскиот уметнички музеј, Фортворт, Тексас
Народен музеј, Белград, Југославија
Колекција во Дворскиот музеј на шпанскиот принц, Мадрид, Шпанија

## КАТАЛОГ*

1. Барајќи кавга
колографија на платно
84 x 161

2. Издигање, 1988
колографија на платно
85 x 163

3. Мона Ракета
колографија на платно
88 x 65

4. Источно од рајот, 1987
колографија на платно
66 x 66

5. Западно од рајот, 1987
колографија на платно
66 x 66

6. Големиот шеф, 1989
колографија на платно
86 x 66

7. Стандардно издание, 1988/89
колографија на платно
65 x 135

8. Издигање на невините
колографија на платно
88 x 65

9. Смрт на Д-р Х, 1988
колографија на платно
65 x 98

10. Ангел, 1988
колографија на платно
45 x 33

Мал формат:

1. Некои го викаат тоа дом
2. Росас дел Фуего
3. "X"
4. Розета
5. Во моето градче
6. Мамино девојченце
7. Кети Феферонка
8. Висока мудра желба
9. Зближување
10. Еднаш заедно
11. Куќа на почетник
12. Хуф дер Канта
13. Оставање работи
14. Бележник на ангелот
15. Благовести

* Сите димензии се дадени во инчи

Дан Алисон
ДОКУМЕНТИ ЗА НОВИОТ СВЕТ
(Графики)

Репродукција на корицата:

Западно од рајот, 1987
колографија на платно

Источно од рајот, 1987
колографија на платно

Издава:
Информативната служба на американската амбасада
Белград, Кнез Милош 46

За издавач:
Брус Р. Кох (Bruce R. Koch)

Одговорен уредник:
Лоренс И. Плоткин (Lawrence I. Plotkin)

Уредник:
Тристан Харашиќ

Преведувачи (на српскохрватски):
Верица Ристиќ
Љубица Левицки
Тристан Харашиќ

Преведувач (на македонски):
Верица Сотировска

Лектор:
Рајка Нишавиќ

Печати:
Печатница на Американската Амбасада во Белград
Тираж: 500 примероци
Публикацијата се дистрибуира бесплатно

# DEN ELISON
# DEN ALLISON
# ДЕН ЕЛИСОН

